ГРАД СКОПЈЕ-QYTETI I SHKUPIT
Бр./Nr 08-3268/1
29. 03. 2023 202
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02), а во врска со Програмата за активностите во областа на средното образование во Град Скопје за 2023 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/22), Градоначалникот на Град Скопје донесе

# ПРАВИЛНИК

## за начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства наменети за реализација на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје за 2023 година

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства утврдени во Буџетот на Град Скопје за 2023 година, наменети за реализација на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје за 2023 година, утврдени со Програмата за активностите во областа на средното образование во Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.18/22).

### Член 2

Во согласност со Програмата за активностите во областа на средното образование во Град Скопје за 2023 година, Град Скопје ќе објави Јавен повик за следниве програмски активности во областа на средното образование во 2023 година:

*1.Унапредување на дигиталната писменост на сите членови на училишните заедници;*

*2.Психосоцијална помош на членовите на училишната заедница за справување со врсничко и со сајбер-насилство;*

*3.Унапредување на животната средина преку подигање на свеста на средношколците за личната одговорност во одржувањето на чистата и здрава животна околина;*

*4.Истражувања и промоција на родовата равноправност, ученичките права, слободи и развој на креативноста на средношколците;*

*5.Организирање манифестации на кои ќе се презентираат училишните постигнувања, ќе се промовираат најдобрите ученици и наставници ќе се претставaт резултатите на воспитно-образовната дејност пред поширокатa јавност.*

**Член 3**

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, во Н2 Програмата-вонучилишни наставни активности во соработка со невладини организации, ставка 425, конто 425750 во висина од 2.000.000 денари.

## II.ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Град Скопје за 2023 година, можат да бидат доделени на здруженија, фондации и други правни лица (во понатамошниот текст: правни лица), кои се занимаваат со активности поврзани со унапредување и развој на воспитно-обраовниот процес во средните училишта, регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија со седиште во Скопје, кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

## III.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

Постапката за доделување на финансиски средства за реализација на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје за 2023 година утврдени со Програмата за активностите во областа на средното образование во Град Скопје за 2023 година, ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Град Скопје.

Јавниот повик се објавува на веб страната на Град Скопје( www.skopje.gov.mk), во печатени медиуми (и тоа во најмалку еден дневен весник на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот) и во електронски медиуми.

Јавниот повик ќе трае најмалку 10 дена, а најмногу 15 календарски денови од денот на објавата.

## IV.НАЧИН, ПОСТАПКА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 6

За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства од членот 9 на овој Правилник, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства за реализација на проектни активности на здруженија, фондации и други правни лица од областа на средното образование од интерес на Град Скопје за 2023 година, во состав од Претседател и 4 члена (во понатамошниот текст: Комисија).

Комисијата е составена од 5(пет) члена, Претседател и 4(четири) членови.

Комисијата од ставот 1 има задача:

- да ја спроведе постапката
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник за усвојување на пријавите на оние апликанти кои ги исполниле условите.

По објавување на Јавниот повик, Претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат притигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

За текот на одржаниот состанок се води Записник.

Во Записникот Комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни , и ги исполнуваат критериумите од Правилникот.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите согласно член 9, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за доделување на финансиски средства на апликантите.

Пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите согласно член 9, Комисијата ги отфрла со Заклучок.

Комисијата ќе ги прифати за разгледување пријавите кои согласно критериумите и бодовната листа утврдена со Правилникот ќе обезбедат минимум 55 бода.

Предлогот за доделување на финансиски средства го потпишува Претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата во рок од 15 дена од денот на доставување на преглогот донесува Решение за доделување на финансиски средства.

Комисијата ги известува подносителите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 9 од Правилникот.

Комисијата ги известува подносителите доколку се поништи јавниот повик и не се донесе Решение за доделување на финансиски средства.

**Член 7**

1. Апликантите кои учествуваат на Јавниот повик треба да ја достават следната документација:

- пријава за финансиска поддршка на Организацијата, потпишана и заверена од овластено лице (достапна на веб страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);

- пополнет образец за предлог проект (достапен на веб страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);

- копија од решението за регистрација во Централен регистар на Република Северна Македонија;

- копија од тековна состојба на субјектот не постара од 6 месеци издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;

- телефон за контакт, адреса и електронска адреса на лицето задолжено за водење на проектните активности;

- потврда од банката за активна трансакциска сметка;

- уверение за платени даноци издадено од даночни органи;

- потврда за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса);Оваа потврда іа поднесуваат само правните лица.

- изјава дека за приложениот предлог проект не се добиени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје во тековната година и истиот нема да биде двојно финансиран од Буџетот на Град Скопје се до негово завршување.

2. Дополнителна документација:

- годишен буџет на апликантот за тековната година;

- професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;

- референтна листа или доказ (на пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа за која се аплицира;

- најмалку две препораки/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти и

- писмена поддршка од организациите или институциите за кои ги пријавуваат како учесници во реализацијата на проектот.

**Член 8**

Потребната документација за учество на повикот се доставува по пошта на адреса: Град Скопје, Сектор за образование, бул.„Илинден“ бр.82, 1000 Скопје или во архивата на Град Скопје во барака 16. Пријавите и документите се доставуваат во затворен плик со назнака: Сектор за образование –Пријава за јавен повик.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот.

Пријавите доставени по e-mail нема да бидат разгледувани.

Пријавата со комплетната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски/компјутерски и потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на организацијата или здружението.

## V.КРИТЕРИУМИ И БОДУВАЊЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 9**

Финансиските средства за реализација на програмските активности ќе се доделуваат по следните општи критериуми кои се исти за сите програмски активности наведени во член 2 од Правилникот.

| Критериуми | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | 30 |
| 1.1 Проценка на квалитетот на организациската структура и човечки ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица) | 10 |
| 1.2 Стручни лица кои учествуваат во спроведување на проектот | 10 |
| 1.3 Дали здружението, фондацијата и другите правни лица располагаат со канцелариски простор и техничка опрема за спроведување на проектот | 10 |
| **2. Финансирање на проектот** | 20 |
| 2.1 Дали здружението, фондацијата или правното лице обезбедува повеќе од 15 проценти на сопствено учество во остварување на проектот | 10 |
| 2.2 Дали предложениот финансиски план е реален (описот на трошоци по категории/ позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |
| **3. Квалитет на проектот** | 40 |
| 3.1 Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети, колку е јасна и соодветно определена | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог проектот | 10 |
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | 10 |
| 3.4 Дали планот за спроведување на проектот е јасен и остварлив | 10 |

Максимум бодови кои може да ги добие апликантот се вкупно 90 бода.

Секоја област од општите критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да.

## VI. ПОНИШТУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 10**

Град Скопје може да го поништи јавниот повик доколку:

- не е присигната ниту една пријава
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 9 од Правилникот
- не се донесе решение за доделување на финансиски средства во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот од Комисијата.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Градот Скопје, преку Секторот за образование и Секторот за финнасиски прашања води евиденција на сите пријави за Јавниот повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Град Скопје наменети за финансирање на програмски активности на здруженија, фодации и други правни лица согласно овој Правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 12**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

**Број 08 -3268/1**

29. 03. 2023 **2023 година**

**Скопје**

**Градоначалник на Град Скопје**

**Данела Арсовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT